IPA Civil Society Facility and Media Programme 2018-2019 2020/420-896

# Стратегија за развој на женско претприемништво во Вардарски плански регион

# National Platform for Women Entrepreneurship

# Национална платформа за женско претприемништво

EuropeAid/167061/DD/ACT/MK

This project is co funded
by the European Union

This project is implemented by:

This publication was produced with the financial support of the European Union. Its contents are the sole responsibility of its authors and do not necessarily reflect the views of the European Union.

## 1. СОДРЖИНА

1. Вовед

2. Методологија

3. Анализа на регионалниот контекст и потенцијал
3.1 Карактеристики на развој на Југоисточен плански регион
3.2 Потреба од соработка со останатите плански региони
3.3 Анализа на влијателни фактори
4. Клучни засегнати страни
5. Визија и мисија
6. Цели
7. Можности за финансирање
8. Мониторинг и евалуација.
8.1 Мониторинг
8.2 Евалуација

## 1.ВОВЕД

**Визија на стратегијата е:** Зајакнато женско претприемништво во Вардарски плански регион преку зајакнати и координирани активности со вклучување на различни чинители и засегнати страни со што женското претприемништво би станало сила која придонесува во развојот на претприемничката клима и економија во Тиквешкиот регион

**Цели на стратегијата**

**Општа цел:** Стратегијата за развој на женското претприемиштво во Вардарски Регион има за цел економското јакнење на жените преку создавање на поволно тло и обезбедување поддршка за развој на нивниот претприемнички потенцијал со што ќе се придонесе кон развојот на постоечките и отворање на нови претпријатија, стартапи, креирање на нови работни места, а со тоа и јакнење на целокупната економија во регионот

**Среднорочни цели:**
Подобрена клима, можности и услови за развој на ЖП во Вардарски регион, како и активно вклучување во спроведувањето на стратегијата за ЖП на сите активни чинители.
Зголемување на бројот на жени кои започнуваат деловен потфат,
Зголемување на бројот на вработени во компании основани како ЖП.
Зголемено нивото на вработеност на жени

**Целна група:**

Жени претприемачи (тековни и потенцијални)

Невработени жени од регионот

Микро, мали и средни компании од регионот

Организации за поддршка на бизнис секторот (БСО)

Здруженија на граѓани и невладини организации

**Специфични цели на стратегијата:**

**-**Зголемување на претприемачкиот дух помеѓу жените во регионот со цел зголемување на бројот на вработени во компании основани од страна на жени претприемачи со цел намалување на стапката на невработеност помеѓу жените

-подобрена клима, можности и услови за развој на женското претприемништво во регионот, како и активно вклучување во спроведување на стратегијата на сите активни чинители

| ***Приоритети и мерки на стратегијата за женско претриемништво за Вардарски плански регион*** | |
|---|---|
| **Приоритет 1** | Развој на женското претприемништво во Вардарски регион |
| **Приоритет 2** | Поддршка за бизнис инкубатори за женско претприемништво.<br>-обезбедување бизнис центри за жени, организирање информативни семинари и состаноци и/или обезбедување веб-информации за оние што сакаат да започнат и развијат бизнис. |
| **Приоритет 3** | Зголемување на бројот на жени претприемачи преку унапредување на деловното опкружување и бизнис климата во Тиквешкиот регион |
| **Приоритет 4** | Подобрување на конкурентноста и унапредување на капацитетите на женското претприемништво во Вардарски регион |
| **Приоритет 5** | Градење на стратешки партнерства преку поврзување на жените претприемачи од повеќе општини и повеќе плански региони |
| **Приоритет 6** | Овозможување пристап до образовни профили за кои треба да се мотивираат жените (СТЕМ обуки) и профили кои се бараат на пазарот на трудот |
| **Приоритет 7** | Стимулирање на иновации во женско претриемништво |
| **приоритет 8** | Промоција, вмрежување, застапување и лобирање на тема женско претприемништво |

**Главни учесници (stakeholders)**

1. ***Јавен сектор (Локални самоуправи)*** вклучувајќи ги и градоначалниците
   Локалната самоуправа игра важна улога во создавањето поволна средина со политики за распоредување средства, програми, образование и развој на вештини за поддршка на жените претприемачи. Лидерите на локалната самоуправа (градоначалници, совети) можат да го поттикнат економското зајакнување на жените преку промовирање на лидерството и капацитетот на жените како работодавачи. Локалните самоуправи и политичките лидери на сите нивоа се охрабруваат да се консултираат и да работат со жените претприемачи за да воспостават и имплементираат политики за поддршка и регулаторни рамки. Започнуваме со иницијатива за формирање на Совети за ЖП во рамки на локалната власт. Исто така и Комисиите за еднакви можности на мажите и жените во рамки на локалната самоуправа имаат улога во овозможување на бизнис клима и лобирање кај локалната самоуправа со цел да се постигне родов баланс во претприемништвото.

2. ***Бизнис сектор*** компании од сите големини (микро, макро и големи кмпании) како и организации како што се професионални и трговски здруженија и жени занаетчии. Бизнис секторот/приватниот сектор е главен двигател на економијатане само во Вардарскиот регион туку и во земјата.
   НПЖП со партнерите и локалните координаторки алудираат на тоа да се стават во функција Советите за женско претприемниптво во Локалните самоуправи кои ќе го поддржат бизнис секторот во унапредување и надминување на родовиот јаз помеѓу компаниите. Бизнис секторо има важни лидерски и застапувачки услуги со големи ефекти на пазарот на труд и во локалната заедница. Некои компании можат да ја искористат својата техничка експертиза и лидерство за да понудат развој на вештини и менторство, додека други можат да ја искористат својата куповна моќ за да создадат нови економски можности за жените управувачи.

***3. Граѓански организации (НВО)*** се состои од академски, непрофитни, невладини организации и поединци. Без разлика дали како организации за застапување или граѓани, тие играат клучна улога во поддршката на жените претприемачи, како и во комуникацијата со нивните уникатни потреби, мобилизирање на заедницата и воспоставување солидарност со колективен глас.

## 2. МЕТОДОЛОГИЈА

Методологијата за реализација на Регионална стратегија за женско претриемништво се базира на следните шест чекори:

1. Анализа на регионалниот контекст и потенцијал за женско претриемништво
2. Оценка на состојбата на женското претприемништво во регионот
3. Иницијативи за подигнување на свеста за претприемништво кај жените;
4. Промоцијата на женското претприемништво претставува можеби најважниот приоритет во оваа фаза на развој и поттикнување на женското претприемништво. Со подигнување на свеста за важноста на женскиот потенцијал и потреби, се очекува да се создаде критична маса и да се алоцираат потребните ресурси за потребните промени и поставување на женското претприемништво во центарот на економскиот развој.
5. Развој на заедничка визија за женско претриемништво и иднината на регионот
6. Идентификување на приоритети, односно стратешки цели
7. Мониторинг на имплементирање на активностите од Стратегијата за женско претприемништо

Стратегијата е изработена со користење на достапните секундарни извори на информации – различни истражувања и статистички информации од Државниот завод за статистика и документи во кои е прикажана состојбата на Македонија и споредбата на Македонија со светот (како што се Global Entrepreneurship Monitor, Global Gender Gap, Gender Inequality Index, Social Institutions and Gender Index). За изработката на стратегијата беше искористена и партиципативна методологија, која се реализираше преку фокус групи, со цел да се добие мислење за состојбата на женското претприемништвото и очекувањата на жените. На овој начин, добиена е вредна основа за идентификување на целите и повратна информација за предложените политики во процесот на остварување на именуваните цели.

### 1. Анализа на регионалниот контекст и потенцијал за женско претриемништво

Во оваа фаза потребно е да се даде одговор на прашањето: Што поседува регионот? (односно каква е регионалната технолошка инфраструктура за поддршка за развој на

женското претриемништво). Во таа насока потребно е да се анализира бројот на компании во регионот, динамика на раст на економијата, управувачката структура на компаниите. Покрај тоа, во оваа фаза од процесот на
развој на стратегијата за женско претриемништво важно е и да се сфатат и квалитативните карактеристики на претприемачкиот процес во регионот во зависност од расположивоста и капацитетитена засегнатите страни од еко системот (анализа на динамиката на **претприемачкото опкружување**. Доколку во регионот постојат брзорастечки компани или средни и големи компании кои продуцираат нови производи/ услуги, голем извоз и сл., во функција на анализа на најиновативните претпријатија од регионот потребно е детално да се опишат причините за успех на овие компании особено ако се управувани од жени .
Како резултат од овие анализи би можело на ниво на регион да:

- се утврди потенцијалот за женско претриемништво на регионот се лоцираат компаниите управувани од жени
- се утврди застапеноста на различните видови на идустрии ( вклучувајќи и производи/услуги, процеси, бизнис модели)
- се согледаат детерминантите за подобрување на потенцијалот на компаниите управувани од жени претриемачи, како и начините на мерење и на следење на истиот и расположливост со инфраструктура за поддршка, центри за МСП, инкубатори, кластери и сл.)
- се мапира претприемачкиот) екосистем на регионот
- се идентификуваат индустрии со најголем потенцијал за раст (производи и/или услуги, процеси и бизнис модели)
- се утврди кои елементи од менаџментот егзистираат во регионот (методологија, алатки и техники)
- се дефинираат индикаторите за мерење на потенцијалот за женско претриемништво на регионално ниво, кои би служеле за годишна (дво-годишна) компаративна анализа на истите

## 2. Оценка на состојбата на женското претприемништво во регионот

Економската активност на жените вообичаено се анализира преку користење на три аспекти: претприемачка активност во потесна смисла (т.е. започнување на нови биснис потфати), вработеност и вклученост во сопственичките (управувачките) активности. Изворите на информации за оценка на состојбата на економската активност на жените сеуште не се систематизирани и се неповрзани. Податоците за образование, вработеност, претприемачка активност (сопственичка структура, управувачка структура и финансиските резултати) со оглед на полот не се поврзани.

**3. Иницијативи за подигнување на свеста за претприемништво кај жените; Промоцијата на женското претприемништво претставува можеби најважниот приоритет во оваа фаза на развој и поттикнување на женското претприемништво. Со подигнување на свеста за важноста на женскиот потенцијал и потреби, се очекува да се создаде критична маса и да се алоцираат потребните ресурси за потребните промени и поставување на женското претприемништво во центарот на економскиот развој.**

Промоцијата на женското претприемништво претставува можеби најважниот приоритет во оваа фаза на развој и поттикнување на женското претприемништво. Со подигнување на свеста за важноста на женскиот потенцијал и потреби, се очекува да се создаде критична маса и да се алоцираат потребните ресурси за потребните промени и поставување на женското претприемништво во центарот на економскиот разво

**4. Развој на заедничка визија за иднината на регионот**
Имање на јасна и заедничка визија за регионален развој е круцијално за да се одржат засегнатите страни заинтересирани во процесот. Притоа визијата го истакнува тоа што се сака да претставува стратегискиот документ на потесната и поширока околина, односно со една реченица да се искажат целите/желбите, т.е. да се каже каков сакаме да биде светот во којшто ќе се имплементира стратегијата. Станува збор за долгорочен поглед којшто се концентрира на иднината.
Мисијата пак, треба да ја определува основната цел на постоење на овој стратегиски документ, прецизно опишувајќи ја причината за своето постоење и активностите коишто се преземаат за да се реализира визијата.

**4. Идентификување на приоритети и стратешки цели**

Многу е значајно институцијата која ќе биде одговорна за управување со регионалната стратегија за женско претриемништво да се фокусира на ограничен број на истражувачки приоритети во согласност со потенцијалот за претримеништво уште во фазата на анализирање. Треба да се почитува моменталниот претприемачки екосистем. Притоа овие приоритети, односно стратешки цели ќе бидат подрачјата каде регионот реално ќе може да се надева да оствари извонредност. Како алатки за идентификување на приоритетните области за развој на регионот би можело да се користат:

- SWOT анализата, која ја анализира моменталната ситуација на внатрешните (силни и слаби страни) и надворешните фактори (можности и ризици) регионот

**6.Мониторинг на имплементирање на активностите од Стратегијата за женско претприемништо**
Постојаното следење на активносите кои се имплементирани во рамки на Стратегијатза за женско претприемништво се од круцијално значење со цел да се постигне ефект за надминување на јазот помеѓу мажите и жените во бизнис секторот. Мониторингот се однесува на потребата да се следи прогресот на имплементација. Евалуацијата се однесува на оценка на тоа дали и како се исполнуваат стратешките цели. За да се спроведе евалуацијата важно е целите во Регионалната стратегија за женско претриемништво да бидат јасно дефинирани во мерливи величини на секое ниво на имплементација, т.е. од стратешки, генерални, цели, кон специфични цели поврзани со секоја акција

**КОРЕЛАЦИЈА НА „СТРАТЕГИЈАТА ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН СО ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ СТРАТЕГИИ И ДОКУМЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

🕐 **Национална стратегија за одржлив развој на Република Северна Македонија 2019 - 2023 -** еден од стратешките концепти во оваа стратегија е рационализирањето на приватниот сектор и градење на свесноста за одржливиот развој во Република Северна Македонија.

🕐 **Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјална вклученост 2010-2020 година.** Оваа стратегија ги има како своја главна стратешка цел намалувањето на сиромаштијата и социјалната вклученост на сите жители на Република Северна Македонија, вклучително и жените од југоисточен регион преку подобро искористување на достапните човечки и материјални ресурси, подобрување на условите за живот, работа и социјалните услови за сите граѓани, заедничко дејствување на системот и институциите во функција на забрзаниот развој, повисок стандард и подобар квалитет на живеење. Постојат повеќе клучни области во стратегијата, при што вработувањето на жените е првата, сузбивањето на неформалната економија и зајакнувањето на

🕐 **Стратегија за иновации на Република Македонија 2012 – 2020 година** која ја зема во предвид тековната состојба на развојот во Република Северна Македонија за да осигура дека политиките за унапредување на иновациите се фокусирани и релевантни за земјата. Во согласност со стратегијата, до 2020 година Република Северна Македонија ќе поседува ефективен национален систем за иновации што е заеднички креиран од сите засегнати страни и е отворен кон светот. За исполнување на оваа визија, во стратегијата се утврдени четири стратешки цели:

➢ Зајакнување на склоноста на бизнис секторот за внесување иновации во работењето;

➢ Зајакнување на човечките ресурси за иновации;

➢ Создавање регулаторно опкружување за поддршка на иновациите;

➢ Зголемување на тековите на знаења помеѓу сите учесници во процесот на развој на иновациите.

🕐 **Стратегија и акциски план за стручно образование и обука на Република Македонија 2013 – 2020 година.** Главните цели што се опфатени во Стратегија за стручно образование и обука на Република Северна Македонија се:

➢ Зајакнување на атрактивноста, релевантноста и квалитетот на стручното образование со цел да му се овозможи да игра главна улога во промовирањето на деловната успешност, конкурентноста и иновациите;

➢ Да им понуди на младите, возрасните и жените поразновидни и пофлексибилни можности за стекнување вештини кои ќе им бидат потребни за кариерен развој и што ќе стимулираат претприемачки дух, истовремено поттикнувајќи го нивото учество во понатамошна обука и образование и придонесувајќи за активно граѓанство и лично исполнување;

➢ Промовирање на врвен квалитет и социјална вклученост, придонесување за поголема вработливост, мобилност и сигурност на работното место, подобрување на антиципацијата и управувањето со промените на пазарот на трудот и поттикнување на деловната конкурентност.

**„Стратегијата за женско претприемништво на Општина Струмица со акциски план (2019 - 2024)“**, како документ што има за цел да го поттикне претприемачкиот дух меѓу жените во Општина Струмица, исто така ќе има важна улога во исполнувањето на овие цели.

🕐 **Индустриска политика на Република Северна Македонија 2009 – 2020 година.** Основните цели на Индустриската политика 2009-2020 г. придонесуваат кон зголемена

конкурентност на домашната индустрија, заснована врз знаење, иновации и истражувања, создавање стимулативна деловна и инвестициска клима и поддршка на претпријатијата во нивните напори за подобрување на нивните конкурентски предности преку стекнување знаења, нови технологии и пазари. Оваа стратегија се фокусира на мерки во следниве области: меѓународна соработка на клучните учесници во економскиот развој, применети истражувања, развој и иновации, еколошки технологии, производи и услуги за одржлив развој, развој на МСП и на претприемништвото и соработка во кластери и мрежи.

🕐**Стратегија за женско претприемништво на опптина Битола**

🕐 Стратегија за поддршка на мали и средни претпријатија и претприемништво на град Скопје со акционен план, за периодот 2018-2021 година.

🕐 **Корелација со документите на Европската Унија**

Претприемништвото е адресирано од страна на многу иницијативни на ниво на ЕУ, но една од најважните, покрај различните извештаи и истражувања, е Агендата од Осло за претприемачкото образование во Европа која има за цел да го забрза напредокот во промовирањето на претприемачкиот начин на размислување во општеството на систематски начин и со ефективни активности. Важен дел од агендата е давањето конкретни предлози што може да се приспособат кон локалниот контекст од страна на земјите-членки на ЕУ.

## 3. АНАЛИЗА НА РЕГИОНАЛНИОТ КОНТЕКСТ И ПОТЕНЦИЈАЛ

### ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН НА Р.С.МАКЕДОНИЈА

Вардарски Регион — еден од осумте региони на Македонија. Овој регион се наоѓа во централна Македонија и се граничи со Грција на југ и внатрешно со Пелагонискиот, Југозападниот, Скопскиот, Југоисточниот и Источниот Регион. Главен град на регионот е Велес.

Вардарскиот плански регион се простира во централниот дел на Република Македонија и го опфака средното сливно подрачје на реката Вардар, долните теченија на притоките Брегалница и Црна Река и крајниот западен дел од Овче поле. Зафаќа површина од 4042 км2 или 16% од територијата на Република Македонија.1 Во овој регион влегуваат 9 општини (Табела 1.1.) во кои се лоцирани 215 населени места. Регионот се одликува со исклучително ниска густина на населеност од 38 жители/км2 (во споредба со просекот на земјата од 81 жители/км2) и голема концентрација на населението во градските средини (околу 69%). Речиси половина (четири) од општините во регионот се рурални.




*Демографија*

Населението во Вардарскиот регион во последните 3 години бележи слабо опаѓање. Согласно податоците на Државниот завод за статистика за 2018 година, во регионот живее 7.33% од вкупното население во државата. Пресметано по копнената површина, Вардарскиот регион е најретко населен со густина на населението од 37 жители на километар квадратен.

| Census Year | Северна Македонија | Вардарски регион |
|---|---|---|
| 2016 | 2. 072.490 | 152.742 |
| 2017 | 2.074.502 | 152.410 |
| 2018 | 2.076.217 | 152.137 |

Во последните 3 години нема позначајни промени во половата структура на населението За 2% има повеќе мажи од жени. Во однос на старосната структура, 15.8% се на возраст од 0-14 години, што е под просекот на ниво на државата (16.4%), додека 15.3% се на возраст над 65 години, процентуален износ над државниот просек (13.9%). Коефициентот на старосна зависност е малку над државниот просек и во 2018 година изнесува 45.2. Ова укажува на една просечна оптовареност на работоспособното население, споредено со другите региони. Имајќи предвид дека коефициентот бележи раст во последните 3 години, ова е нешто што треба да се следи внимателно со цел навремено да се реагира на дадени можни социјални импликации. Стапката на фертилитет во Вардарски плански регион е над ниво на просекот на Република С. Македонија и изнесува 1.48.

| Плански регион | Според развојниот индекс | Според економско-социјалниот индекс | Според демографскиот индекс |
|---|---|---|---|
| Скопски | 151,0 | 147,7 | 153,5 |
| Југоисточен | 97,1 | 129,5 | 72,4 |
| Пелагониски | 91,2 | 109,1 | 79,6 |
| Југозападен | 81,4 | 97,7 | 69,0 |
| Полошки | 82,4 | 50,0 | 106,9 |
| Вардарски | 73,5 | 70,5 | 75,9 |
| Источен | 96,1 | 136,4 | 65,5 |
| Североисточен | 62,7 | 27,3 | 89,7 |

*Извор: Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 до 2023 година, Службен весник на РМ, бр.234 од 20.12.2018 година*

Според Одлуката за класификација на планските региони Според степенот на развиеност за периодот 2018-2023 година, Југоисточниот плански регион има низок степен на развиеност од 73,5 со што е шесто по Полошкиот плански регион..

## ЕКОНОМСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Вардарскиот плански регион има релативно ниско учество во креирањето на вкупниот бруто домашен производ на ниво на Република С. Македонија. Во 2018 година, БДП на регионот изнесува 43,995.00 милиони денари. Забележителен е флуктуирачки тренд од 2016 до 2018 година каде БДП и неговото учество постојано расте (како што е прикажано на Табела 4). Бруто домашен производ на ниво на Вардарски регион, 2016-2018

| Година | Бруто домашен производ во милиони денари | Учество на ВПР во БДП на ниво на Р.С.Македонија |
|---|---|---|
| 2016 | 517 601 | 7.76% |
| 2017 | 535 726 | 7.60% |
| 2018 | 573 922 | 7.66% |

**Табела 4: Бруто домашен производ на ниво на Вардарски регион, 2016-2018**

Извор: Државен завод за статистика на Република С. Македонија.

Вардарскиот регион има доста поволен бруто домашен производ по жител од 332,922.00 денари во 2018 година. Имено, учеството во вкупниот БДП е релативно ниско, но имајќи ја предвид слабата населеност, по глава на жител БДП придонесот е сосема добар. Во периодот 2014-2018, индексот на БДП по глава жител бележи раст и го надминува државниот просек

| | Северна Македонија | Вардарски Регион |
|---|---|---|
| 2014 | 255 206 | 274 404 |
| 2015 | 269 996 | 291 516 |
| 2016 | 286 995 | 302 286 |
| 2017 | 297 954 | 308 493 |
| 2018 | 318 309 | 332 992 |

**Табела 5: Бруто домашен производ, по жител**
Извор: Државен завод за статистика на Република С. Македонија.

Во периодот 2016-2018 година, Вардарскиот регион бележи флуктуирачки степен на учеството во вкупната бруто-додадена вредност на ниво на Република С. Македонија. Споредено со другите региони, според бруто-додадената вредност Вардарскиот регион се наоѓа на 5то место после Скопски, Пелагониски, Југозападен и Источен регион со износ од 43.995,00 милиони денари во 2018 година.

| | 2015 | 2016 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|
| | Бруто додадена вредност според сектор и дејност во Вардарски регион 2015 и 2016 година | | Учество во вкупната бруто-додадена вредност на ниво на Р.С. Македонија (%) | |
| Бруто-додадена вредност | 38997 | 40024 | 8.0% | 7.8% |
| Земјоделство, шумарство; рибарство | 7874 | 8023 | 14.5% | 14.7% |
| Рударство и вадење на камен; Преработувачка индустрија; Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација, снабдување со вода, управување со отпад, санација на околината | 9319 | 9105 | 9.9% | 9.0% |
| Градежништво | 1878 | 1949 | 4.7% | 4.7% |
| Трговија на големо и на мало; Поправка на моторни возила и мотоцикли; Транспорт и | 10970 | 10518 | 10.7% | 9.3% |
| Информации и комуникации | 228 | 295 | 1.4% | 1.6% |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 192 | 1075 | 1.1% | 6.1% |
| Дејности во врска со недвижен имот; импутирани ренти | 3321 | 3620 | 5.4% | 6.1% |
| Стручни, научни и технички дејности; Административни и помошни услужни дејности | 391 | 501 | 2.2% | 2.5% |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување; Образование; Дејности на здравствена и социјална заштита | 4336 | 4510 | 6.3% | 6.1% |
| Уметност, забава и рекреација, Други услужни дејности | 489 | 428 | 3.2% | 2.6% |

Бруто-додадена вредност според секторот на дејност во Вардарски регион, 2015- 2016, милиони денари Извор: Државен завод за статистика на Република С. Македонија,

| | 2016 | | | | 2017 | | | | 2018 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Работно способно население (лица) | Стапка на активност | Стапка на вработеност | Стапка на невработеност | Работно способно население (лица) | Стапка на активност | Стапка на вработеност | Стапка на невработеност | Работно способно население (лица) | Стапка на активност | Стапка на вработеност | Стапка на невработеност |
| Северна Македонија | 1 678 890 | 56.5 | 43.1 | 23.7 | 1 679 935 | 56.8 | 44.1 | 22.4 | 1 682 702 | 56.9 | 45.1 | 20.7 |
| Вардарски Регион | 124 812 | 62.8 | 49.3 | 21.6 | 124 339 | 61.1 | 48.8 | 20.1 | 123 919 | 60 | 50.4 | 15.9 |

**Табела 7: Стапка на активност, вработеност и невработеност во Вардарски регион 2016-2018**
Извор: Државен завод за статистика на Република С. Македонија,

Според бројот на пополнети работни места, Вардарскиот регион се наоѓа на четврто место. Стапката на вработеност расте во континуитет, е над просекот во државата и изнесува 50.4% (Табела 7)

Стапката на невработеност во Вардарски плански регион опаѓа низ годините од 21.6% во 2016 година, 20.1% во 2017 година, 15.8% во 2018 година до 20.8% во 2019 година. Постои јаз во невработеноста во рурален дел која е повисока наспрема невработеноста во урбан дел

| 2019 | Северна Македонија | Вардарски регион |
|---|---|---|
| **Вкупно** | **17.3** | **10.8** |
| Мажи | 16.5 | 9.9 |
| Жени | 18.4 | 12 |
| Урбан дел | 16.4 | 11.1 |
| Мажи | 16.3 | 10.4 |
| Жени | 16.6 | 11.9 |
| Рурален дел | 18.3 | 10.3 |
| Мажи | 16.7 | 9.1 |
| Жени | 21.1 | 12 |

**Табела 8: Стапка на невработеност, урбан наспрема рурален дел, 2019 година**
Извор: Државен завод за статистика на Република С. Македонија.

Во 2019 година, во Вардарскиот регион има вкупно 5595 активни деловни субјекти. Единствено Североисточниот регион има помал број на деловни субјекти, споредено со Вардарскиот. Сепак, што се однесува до бројот на поголемите претпријатија, оние со 50-249 (ги има 103 претпријатија) и 250+ вработени (ги има 14 претпријатија), Вардарскиот регион бележи подобри резултати (Табела 9). Дополнително, Вардарскиот регион нема големо учество во вкупниот број на новосоздадени (6.2%) и згаснати претпријатија (6.2%).

| 2018 | Северна Македонија | Вардарски регион |
|---|---|---|
| **Вкупно/ Total** | 75 914 | 5 595 |
| 0 | 7 565 | 409 |
| 1-9 | 61 265 | 4 713 |
| 10-19 | 3 211 | 212 |
| 20-49 | 2 237 | 144 |
| 50-249 | 1 404 | 103 |
| 250 + | 232 | 14 |

**Табела 9: Број на активни деловни субјекти според бројот на вработени во Вардарски регион, 2018 година**

Извор: Државен завод за статистика на Република С. Македонија.

Во 2016 година, во Вардарскиот регион учеството во вкупните инвестиции во основни средства на ниво на Република С. Македонија било 7.3%. Сектори кај кој е забележан најголем учинок во инвестициите се Градежништво, Рударство и вадење на камен; Преработувачка индустрија; Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација, снабдување со вода, управување со отпад, санација на околината, Трговија на големо и мало

Општина Кавадарци е втора во регионот според нивото на економски развој со проценета додадена бруто-вредност (БДВ) по жител од 391 илјада денари во 2019 година.3 Слично, општината има едно од највисоките нивоа на инвестиции во регионот, приближно 76,8 илјади брутоинвестиции по жител во истата година.4 Општина Кавадарци важи за една од потранспарентните општини, со индекс на активна транспарентност од 80,6 проценти во 2021 година.5 Конечно, Општината има најнизок процент (57,2 проценти од вкупните приходи во 2019 година) на зависност од централниот буџет во регионот, каде што од вкупното финансирање на Општината 26,8 проценти се канализираат во капитални инвестиции, што ја прави трета општина во регионот според тој индикатор во 2019 година

Економската активност во Кавадарци забележува позитивна стапка на пораст во изминатата декада. Додадената бруто-вредност по жител8 континуирано расте за периодот 2011-2020 година, со исклучок на 2016 година и пандемиската 2020 година. Нагласен пораст се забележува во последните три години пред пандемијата кога БДВ по жител од 297,5 илјади во 2016 година расте на 391,2 илјада во 2019 година. Од друга страна, брутоинвестициите по жител бележат значителни осцилации, иако по 2014 година е зачестена позитивната стапка на пораст. Бруто-инвестициите достигнуваат највисока вредност во 2016 година од 83 илјади по жител, по што доаѓа до значаен пад наредната година од 34,6 проценти. Негативните последици од пандемијата го вратија нивото на бруто-инвестициите по жител приближно на нивото од 2013 година

- **Деловни субјекти**

Носител на досегашниот стопански развој во Општина Кавадарци е земјоделството, чија основа

пред се сè:

- лозарството и
- винарството.

Меѓутоа не помало стопанско значење заземаат :

- металургијата и рударството,

- металната индустрија

- дрвната индустрија

- текстилната индустрија

- прехранбената индустрија

- градежната индустрија

- трговската и угостителската дејност итн.

| Вкупно | микро | мали | средни | големи |
|---|---|---|---|---|
| 1 646 | 1 099 | 521 | 16 | 10 |

***Активни деловни субјекти***

**Економски карактеристики** – клучни економски сектори, локални инвестиции, деловна клима, состојба на општинските претпријатијаЕкономската структура на Општина Кавадарци, според големината и секторите на дејноста, е претставена во следните табели

| Опис | Број на деловни субјекти по сектори |
|---|---|
| **Земјоделство, шумарство и рибарство** | **93** |
| **Рударство и вадење на камен** | **4** |
| **Преработувачка индустрија** | **212** |
| **Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација** | **3** |
| **Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација наоколината** | **6** |
| **Градежништво** | **51** |
| **Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли** | **624** |
| **Транспорт и складирање** | **254** |
| **Објекти за сместување и сервисни дејности сохрана** | **92** |
| **Информации и комуникации** | **19** |
| **Финансиски дејности и дејности на осигурување** | **3** |
| **Дејности во врска со недвижен имот** | **4** |
| **Стручни, научни и технички дејности** | **107** |
| **Административни и помошни услужни дејности** | **13** |
| **Јавна управа и одбрана;задолжително социјалноосигурување** | **3** |
| **Образование** | **18** |
| **Дејности на здравствена и социјална заштита** | **77** |
| **Уметност, забава и рекреација** | **20** |
| **Други услужни дејности** | **63** |
| **Дејности на домаќинствата како работодавачи** | **...** |
| **Дејности на екстратериторијални организации и тела** | **...** |

Приватниот сектор е главниот двигател на економијата во секоја развиена земја. Република Северна Македонија посветува големо внимание на развојот на компаниите основани на територијата на Република Северна Македонија. Во таа насока се преземаат низа активности за подобрување на економската положба на компаниите во земјава. Паралелно со ова, во републиката се посветува внимание на запознавање на жените претприемачи и обичните граѓани со концептот на женско претприемништво со цел да се зголеми бројот на жени претприемачи и да се намали бројот на невработени жени на национално ниво.

### Активни претпријатија по пол на сопственик/управител 2021 година

Во графикот подолу е претставен растечки тренд на активни претпријатија за периодот 2019-2021 година. Сепак, мажите значително ги надминуваат жените кога станува збор за сопственоста на бизнисот бидејќи соодносот е 71% до 29% на жени сопственици на компании.Мажите значително ги надминуваат жените на ниво на менаџери каде што соодносот помеѓу жените и мажите е помал отколку во сопственоста со 68% до 32% од жените како менаџери на компании.




### Активни претпријатија со жени сопственици/управителки според големината на фирмата




*Извор : Агенција за Вработување на РСМ*

### Активни субјекти по пол на сопственик/управител и стопанска дејност (%) 2021

Во однос на секторот на работење, мажите се двојно поактивни во градежништвото, транспортот и сектори за складирање споредено со жените во истите сектори, а потоа следуваат земјоделството, шумарството и рибарство (25,8%); производство (24%); услуги за сместување и храна (24,3%); и ИКТ сектор (18,4%). Бизнисите во сопственост на жени се повеќе концентрирани во трговијата на големо и мало; сектор за поправка на моторни возила и мотоцикли (32%); и други услуги (52%)




*Извор : Агенција з авработување на РСМ*

**Active by region (NUTS3**) and women owners/administrators 2021**




### 3.2 Потреба од соработка со останатите плански региони

Во однос на Европските норми, македонските плански региони се релативно мали. Освен во Скопскиот плански регион, во сите други региони недостасува по некој од клучните засегнати страни (опишани во слика 1), или пак тие што ги има се недоволно развиени и заинтересирани за соработка. Во таа насока од особено значење е секој од планските региони да ги согледува сите можности за соработка со други региони. Во зависност од компетенциите и можностите, моменталната проблематика, интересите и др.се предлага регионите да соработуваат на национално и на меѓународно ниво, не само во пограничните области (cross-border program) туку и со несоседни региони. Регионите би соработувале на решавање на заеднички проблеми, на откривање нови можности и на заедничко учење. Партнерите би се избирале во зависност од целите и контекстот на соработката, при што би биле вклучени организации од јавниот сектор (национални и регионални), индустриски претпријатија, академски институции, невладини организации (НВО) и други релевантни субјекти. Интензитетот на соработка би варирал почнувајќи од едноставна еднократна размена на информации, па до создавање услови за развој на заеднички стратегии и нивна имплементација. Алатките и механизмите кои би ја зајакнувале соработката вклучуваат: размена на информации, заедничко финансирање на програми и проекти, заеднички инфраструктура за истражување и развој, креирање иновативни алатки за набавки, поставување на стандарди и усогласување на заедничките активности и стратегии и др. Покрај

горенаведеното, причините поради кои регионите би можеле и би требало да ја интензивираат меѓусебната соработка се повеќекратни:

- проширување на „базенот“ на достапни ресурси и базите на знаење

- пристап до дополнителни средства:

- заедничко финансирање во рана фаза на развој на старт-ап компанија (пристап до алтернативни форми на капитал: бизнис ангели, инвестициски фондови и сл.);

- финансирање за приватни и заеднички истражувачко-развојни проекти;

- развој на прекугранична стратегии за истражување и развој и пристап до соодветни фондови;

- компензирање за недостаток на специфични компетенции или вештини:

• заедничка работа поврзана со предвидување/прогнозирање на трендовите за побарувачка на производи/услуги;
• други иницијативи поврзани со трансфер на знаење (на пример, иновациски ваучери; создавање на кластери и други иновативни мрежи за соработка);

- споделување на трошоците за поддршка на жени претриемачи и градење претриемачки екосистем

### 3.3 Анализа на влијателни фактори

За потребите на изработка на оваа стратегија извршена е анализата на податоци од Централен регистар за компании кои во период од 2019 до 2021 имаат постојано зголемување на приходи, или профит, или инвестиции во нова опрема или број на вработени. Во оваа анализа анализирани се 1730 компании кои исполнуваат еден од наведените услови за раст. Како главни дејности кои се застапени во овој период во Југоисточниот плански регион се прикажани на табелата.

*Главни дејности на најуспешните претпријатија*

| |
|---|
| G - Трговија на големо и трговија на мало; Поправка на моторни возила 748 |
| C - Преработувачка индустрија 224 |
| H - Транспорт и складирање 208 |

| | |
|---|---|
| Q - Дејности на здравствена и социјална заштита | 116 |
| M - Стручни, научни и технички дејности | 92 |
| I - Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 85 |
| F - Градежништво | 83 |
| A - Земјоделство, шумарство и рибарство | 64 |
| S - Други услужни дејности | 35 |
| J - Информации и комуникации | 24 |
| N - Административни и помошни услужни дејности | 19 |
| P – Образование | 11 |
| E - Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад | 6 |
| L - Дејности во врска со недвижен имот | 6 |
| K - Финансиски дејности и дејности на осигурување | 4 |
| D - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 3 |
| B - Рударство и вадење на камен | 1 |
| R - Уметност,забава и рекреација | 1 |

Најзастапената дејност е трговија на големо и мало, по што следуваат преработувачката индустрија и транспорт и складирање. Во целиот регион во анализираниот период имало 11 претпријатија од образовната дејност, со што се истакнува потребата од зајакнување на човечкиот капитал во целиот регион. Вредно е да се напомене дека стручни, научни и технички дејности (сметководствени, правни и консултативни компании, научно истражување и развој) како посебна дејност е застапена со 92 претпријатија. Треба да се има предвид дека повеќето од овие 92 компании се во делот на правни и сметководствени дејности, а ниту една не е во областа истражување и експериментален развој во природните, техничките и технолошките науки. Растот на профитот и број на вработени е највисок кај преработувачката индустрија. Најмногу инвестиции во нови процеси/опрема имало во секторот трговија на големо ималo, а следува преработувачката индустрија.

### 3.4 SWOT анализа

SWOT анализа претставува анализа на силните и слабите страни како внатрешни компоненти на регионот, и можностите и заканите како надворешни компоненти. Анализата е извршена врз основа на канцелариско истражување на постоечките развојни документи и особено Програмата за развој Вардарски плански регион 2015 – 2019, анализа на тековната состојба.

**ЧОВЕЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ - SWOT анализа**

| | Силни страни | Слаби страни |
|---|---|---|
| **УСЛОВИ ЗА РАБОТА И ЖИВОТ НА МЛАДИТЕ** | • Голем број на активни делови субјекти<br>• Активни бизнис страт-ап центри за поддршка на младите за отворање и водење бизнис<br>• Постоење на стручни средни училишта<br>• Постоење на локални индустриски зони кои се привлечни за младите<br>• Активни проекти за задржување на младите во градот | • Големи разлики во економскиот развој помеѓу општините во рамките на регионот<br>• Лош квалитет на животот<br>• Недостаток на културно-забавни содржини<br>• Неусогласеност на работната сила со потребите на пазарот<br>• Неуредени индустриски зони<br>• Ниски примања на младите<br>• Недостаток на локални стратешки документи и студии за задржување на младите<br>• Недоволен капацитет за управување со средствата од претпристапните фондови на ЕУ<br>• Неразвиена свест за социјално претприемништво |
| | **Можности** | **Закани** |
| **УСЛОВИ ЗА РАБОТА И ЖИВОТ НА МЛАДИТЕ** | • Можност за работа на далечина, од дома за странски компании, посебно во ИКТ секторот<br>• Промоција и привлекување на инвестиции во индустриски зони<br>• Користење на ЕУ и други меѓународни фондови<br>• Активни програми за претприемништво и самовработување, иновативни претприемачи<br>• Фондови за Формирање на бизнис инкубатори<br>• Глобална поддршка на социјални претприемачи | • Зголемена побарувачка и понуда на добри услови за млади образовани кадри вон нашава земја<br>• Тренд за заминување во странство и барање работа<br>• Големи разлики во економскиот развој помеѓу општините, ураните и руралните региони |

## 4. КЛУЧНИ ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

1. ***Јавен сектор (Локални самоуправи)*** вклучувајќи ги и градоначалниците. Локалната самоуправа игра интегрална улога во создавањето поволна средина со политики за распоредување средства, програми, образование и развој на вештини за поддршка на жените претприемачи. Лидерите на локалната самоуправа (градоначалници, совети) можат да го поттикнат економското зајакнување на жените преку промовирање на лидерството и капацитетот на жените како работодавачи. Локалните самоуправи и политичките лидери на сите нивоа се охрабруваат да се консултираат и да работат со жените претприемачи за да воспостават и

имплементираат политики за поддршка и регулаторни рамки. Започнуваме со иницијатива за формирање на Совети за ЖП во рамки на локалната власт.

***2. Приватен сектор*** компании од сите големини како и организации како што се професионални и трговски здруженија. НПЖП со сите партнери и со локалните координатори иницира да се развијат Советите за ЖП во локалните самоуправи кои ќе го поддржат приватниот сектор во унапредувањето на родовата еднаквост во нивните организации, долж нивните синџири на снабдување и во локалните заедници. Како голем работодавач, приватниот сектор има важни лидерски и застапувачки улоги со големи ефекти на работното место, пазарот и заедницата. Некои компании можат да ја искористат својата техничка експертиза и лидерство за да понудат развој на вештини и менторство, додека други можат да ја искористат својата куповна моќ за да создадат нови економски можности за жените претприемачи. Обуката за развој на корпоративни добавувачи може да биде особено непроценлива за жените добавувачи.

***3. Граѓански организации (НВО)*** се состои од академски, непрофитни, невладини организации и поединци. Без разлика дали како организации за застапување или граѓани, тие играат клучна улога во поддршката на жените претприемачи, како и во комуникацијата со нивните уникатни потреби, мобилизирање на заедницата и воспоставување солидарност со колективен глас

## 5. ВИЗИЈА И МИСИЈА НА СТАРТЕГИЈАТА ЗА ЖП

**Визија на стратегијата е:** Зајакнато женско претприемништво преку зајакнати и координирани активности со вклучување на различни чинители, со што женското претприемништво би станало сила која придонесува во развојот на претприемничката клима и економијата.

**Мисија на стратегијата:** Развој на ПРЕТРИЕМАЧКИ човечки капитал и создавање на услови и соодветна инфраструктура за развој на женското претриемништво која ќе се фокусира на развој на нови бизниси од жени петриемачи .

## 6, ЦЕЛИ НА СТРАТЕИЈАТА

**Цели на стратегијата**
**Општа цел:** Стратегијата за развој на женското претприемиштво во Југоисточна Македонија има за цел економското јакнење на жените преку создавање на поволна бизнис клима и обезбедување поддршка за развој на нивниот претприемнички потенцијал со што ќе се придонесе кон развојот на постоечките и отворање на нови претпријатија, креирање на нови работни места, а со тоа и јакнење на целокупната економија.

**Долгорочна цел:** Градење на претприемачки еко систем за континуиран развој на женско претприемништвосо активно учесво на бизнис секторот водени од жени во Југоисточен Плански регион

**Среднорочни цели:**

Подобрена клима, можности и услови за развој на ЖП во Варадарски Плански реион, како и активно вклучување во спроведувањето на стратегијата за ЖП на сите активни чинители.
Зголемување на бројот на жени кои започнуваат деловен потфат,
Зголемување на бројот на вработени во компании основани како ЖП.
Зголемено нивото на вработеност на жени

**Стратешки приоритети и препораки**

Стратешките приоритети произлегуваат од анализата на состојбата на женско претприемништво во Македонија, целите поставени во стратегијата и стратешката рамка за развој на женско претприемништво во ЕУ, при што се користени следните насоки:

🕐 *Приоритети:*

– од аспект на јавни политики

– од аспект на интересите и потребите на жените

– од аспект на институционалната инфраструктура

🕐 *Временска димензија за постигнување на резултатите*

– среднорочна и долгорочна

🕐 *Носители на активности*

– јавна политика и програмска инфраструктура

– граѓанското општество

– бизнис секторот

– академскиот сектор

За реализација на стратешките приоритети, неопходно е државата, владата и надлежните институции, и во целосна соработка со приватниот и граѓанскиот сектор, да спроведат економска и социјална политика која на локално и национално ниво поддржува мерки и афирмативни активности насочени кон подобрување и развој на женското претприемништво, како одговор на идентификуваните клучни предизвици со кои се соочува женското претприемништво денес.

| *Приоритети и мерки на стратегијата за женско претриемништво за вардарски плански регион* | |
|---|---|
| **Приоритет 1** | Креирање на поволен деловен амбиент (бизнис клима) за развој на женско претприемништво |
| **Приоритет 2** | Поддршка за бизнис инкубатори за женско претприемништво.<br>-обезбедување бизнис центри за жени, организирање информативни семинари и состаноци и/или обезбедување веб-информации за оние што сакаат да започнат и развијат |

| | |
|---|---|
| | бизнис. |
| **Приоритет 3** | Обезбедување на системска поддршка за развој на женско претприемништво |
| **Приоритет 4** | Промовирање на развојот на мрежи за жени претприемачки. Соработката и партнерствата помеѓу националните и меѓународните мрежи |
| **Приоритет 5** | зајакнување на статистичката основа за вршење родови споредбени анализи и студии за влијанието на важните случувања и политики. |
| **Приоритет 6** | Подобрување на образовни капацитети како и пристап до образовни профили за кои треба да се мотивираат жените (СТЕМ обуки) и проили кои се бараат на пазарот на трудот |
| **Приоритет 7** | Стимулирање на иновации во женско претриемништво |
| **приоритет 8** | Пристап до фнансии и поголема информираност за финансиски инструменти |

**Креирање на územ поволен деловен амбиент (бизнис клима) за развој на женско претприемништво.**

Креирањето на поволен деловен амбиент подразбира создавање на деловно опкружување кое активно ќе работи на развојот на капацитетите и можностите за развој на женското претприемништво.

Со воспоставување на меѓуресорна работна група од институции, зајакната со претставници на граѓанскиот сектор и поставување на одговорно лице кое ќе раководи со процесот, ќе се обезбеди усогласен пристап и усогласено делување на развојот на женското претприемништво.

Преку анализа на регулативата ќе се постигне целосен увид на состојбите во регулативата и можностите за понатамошен развој на истите. 35

Резултати не би можело да се постигнат доколку немаме политика на следење на статистики и креирање на политики преку евидентирани бази на информации. Токму "evidence based policy" е начинот на креирање и водење на идните политики за развој на ЖП.

Со ваква развиена организациска поставеност ќе може целосно да се обезбедат сите неопходни форми на поддршка на ЖП, како што се нефинансиска поддршка, финансиска поддршка, советодавни услуги и менторство, достапност на деловни информации на жените претприемачи, од почеток до растечки развојни фази на нивните претприемачки потфати.

Со регулирани и канализирани активности и програми за поддршка кои ги спроведуваат владините или донаторските проекти или проекти во рамките на ЕУ секторот за поддршка на ЖП, ќе бидат канализирани потребите за развој на ЖП и ќе се постигне целосен ефект и планирани резултати, од подготовка до реализација и евалуација на реализираните активности

**Обезбедување на системска поддршка за развој на женско претприемништво.**

Обезбедување на системска и координирана поддршка претставува основа за развој на ЖП, каде што преку координирана и заедничка активност на сите активни чинители ќе се развијат политиките за развој на ЖП, ќе се овозможи пристап и развивање на бизнисите преку политики, знаење, вмрежување, зајакнување на постојните и развој на нови модели на пристап кон ЖП, преку воведување нови, иновативни начини на образование и обука. Пристапот на жените до прифатливи форми на финансирање, развивање на нови форми на финансирање и користење на фондовите на ЕУ фондови и финансиски инструменти исто така се многу битен сегмент за развојот на ЖП.

Претприемачки потфати на жените заслужуваат поддршка од националните и локалните власти како и меѓународните организации. За таа цел потребно е да се зајакне учеството на жените во дефинирањето на политиките кои влијаат на вклученоста на жените во претприемничка активност. преку активности како што се семинари за зајакнување на правната писменост на жените, учеството на жените во јавно-приватен дијалог и 36

трипартитниот дијалог, организирање на работилници и конференции за улогата на жените во претприемништвото и во јакнењето на економијата и намалувањето на сиромаштијата и намалувањето на невработеноста.

Од аспект на положбата на жените во бизнисот и пазарот на труд тие сеуште се во неповолна положба во споредба со мажите, и за овој тренд да се промени потребно е да се создадат услови за вклучување на поголем број на жени во претприемништвото.

Успешно поттикнување на женското претприемништво може да се постигне преку обезбедување и спроведување на поттикнувачки мерки кои влијаат на претприемачкиот капацитет и на решавање на проблемите на претприемачите.

**Промоција, вмрежување и застапување**

Промоцијата на женското претприемништво е можеби најважниот приоритет во оваа фаза на развој во Македонија. Остварувањето на овој приоритет се фокусира не само на жените, но многу повеќе на креаторите на политиките и општеството во целина. Со менување на свеста за важноста на женскиот потенцијал и потреби, се очекува да се создаде критична маса и да се соберат потребните човечки и финансиски ресурси за да се обезбедат потребните промени и поставување на женското претприемништво во центарот на економски развој. Во 39

овој контекст, потребно е да се развиваат здруженија кои работат на полето на женското претприемништво и при тоа да се воспостави процес на застапување на нивните интереси спрема јавниот сектор. Бизнис жените - претприемачи и менаџери се повеќе ја препознаваат потребата за меѓусебна поврзаност и соработка. За разлика од мажите тие не веруваат дека значителен број на деловни контакти и договори може да се постигнат на неформални собири, при тоа, формалните здруженија, на некој начин претставуваат модел за промовирање на соработка и зајакнување на врските меѓу жените. Затоа потребно е да се охрабруваат жените да се приклучат кон бизнис организации, кластери и и други форми на здружување, така што на овој начин ќе ги зајакнат своите бизниси а и самите себе како претприемачи.

## 7. МОЖНОСТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

Претприемачките бизниси менаџирани од жени лоцирани во Југоисточниот плански регион имаат на располагање институции и организации кои можат да ги бидат извори на поддршка на нивните претприемачки подвизи. Потенцијалните и тековните жени претприемачки од Југоисточен Плански регион имаат на располагање институции кои би им помогнале во основањето, споделувањето информации поврзани со управување на претприемачки бизниси. Овие институции и организации функционираат во Југоисточен плански регион преку свои филијали и претставништва или во континуитет организираат настани и работилници на кои ги информираат компаниите од регионот за своите активности и можностите за нивно вклучување во некоја од нивните програми.

Листа на потенцијални извори на финансирање на основање и/или започнување со работа на претприемачки бизниси од областа на женското претприемништво

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Македонска банка за поддршка на развојот (МБПР)** | ул. Димитрие Чуповски бр. 26, 1000 Скопје<br>Тел / Факс:02 3115 844 / 02 3239 688<br>info@mbdp.com.mk<br>**www.mbdp.com.mk** |
| **2.** | **Европска банка за обнова и развој (ЕБОР)** | ул. Филип Втори Македонски бр. 3, 1000 Скопје<br>Тел / Факс:02 3297 800 / 02 3231 238<br>**www.ebrd.com** |
| **3.** | | Меѓународни донаторски организации: |
| ✓ *USAID Македонија* | | ул. Самоилова бр. 21, 1000 Скопје<br>Тел / Факс: 02 3102 000 / 02 3102 499<br>jrobinson@usaid.gov<br>**www.usaid.gov** |
| ✓ *Швајцарска агенција за равој и соработка (SDC) и Државен секретаријат за економски работи (SECO)* | | ул. Максим Горки бр. 19, 1000 Скопје<br>Тел / Факс:02 3103 340 / 02 3103 341<br>skopje@sdc.net<br>**www.eda.admin.ch/macedonia** |
| ✓ *Програмата за развој на Обединети нации во Република Северна* | | ул. Јордан Х.К. Џинот бр. 23, 1000 Скопје<br>Тел / Факс:02 3249 500 / 02 3249 505 |

| | |
|---|---|
| *Македонија (UNDP)* | registry.mk@undp.org<br>**www.mk.undp.org** |
| ✓ *Програма за регионален економски развој во Република Северна Македонија (GIZ RED)* | ул. Антоние Грубииќ бр. 5, 1000 Скопје<br>Тел / Факс:02 3103 560/ 02 3103 587<br>giz-mazedonien@giz.de<br>**www.giz.de/en/** |
| **4.** | **ЕУ Фондови** |
| **5.** | **Национални програми за поддрша на МСП** |
| **6.** | **Комерцијалните банки** |
| ✓ НЛБ банка | ул. Мајка Тереза бр. 1, 1000 Скопје<br>Тел / Факс: 02 15 600 / 02 3105 681<br>info@nlbtb.mk<br>**www.nlbtb.com.mk** |
| ✓ Охридска банка А.Д. Скопје | ул. Орце Николов бр. 54, 1000 Скопје<br>Тел / Факс: 2 3167 600 / 02 3117 164<br>obinfo@ob.com.mk<br>**www.ohridskabanka.mk** |
| ✓ Комерцијална банка А.Д. Скопје | ул. Орце Николов бр. 3, П. Фах 563, 1000 Скопје<br>Тел / Факс: 02 3168 168<br>contact@kb.com.mk<br>**www.kb.com.mk** |
| ✓ Стопанска банка А.Д. Скопје | ул. 11 Октомври, 1000 Скопје<br>Тел / Факс: 02 3295 295 / 02 3114 503<br>sbank@stb.com.mk<br>**www.stb.com.mk** |

| | | |
|---|---|---|
| **7.** | **Агенција за вработување на Република Северна Македонија(АВРСМ)**<br><br>Центар за вработување Струмица | ул. 1-ви Мај 36, Струмица<br><br>Тел / Факс:034 322783<br><br>**www.av.gov.mk** |
| **8.** | **Министерство за финансии**<br><br>Сектор за централно финансирање и склучување на договори (ЦФЦД) | ул. Даме Груев бр. 12, 1000 Скопје<br><br>Тел / Факс:02 3255 723<br><br>cfcd@finance.gov.mk<br><br>**www.cfcd.finance.gov.mk** |
| **9.** | **Фонд за иновации и технолошки развој(ФИТР)** | ул. ГТЦ, локал 6, Д.Е. 220, 1000 Скопје<br><br>Тел / Факс:02 314 5258<br><br>info@fitr.mk<br><br>**www.fitr.mk** |
| **10.** | **Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ)** | ул. Кл. Охридски бб, Пелагонка II-5/3 7000 Битола<br><br>Тел: 072 244 484<br><br>aprzrcbitola@agencija.gov-.mk<br><br>**www.agencija.gov.mk** |
| **11.** | **Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР)** | ул. 3-та Македонска бригада бр.20, 1000 Скопје<br><br>(зграда на Македонија Табак блок Ц)<br><br>Тел / Факс:02 3097 450 / 02 3097 454<br><br>ipardpa.info@ipardpa.gov-.mk<br><br>**www.ipardpa.gov.mk** |

**1. Македонска банка за поддршка на развојот (МБПР)**(**www.mbdp.com.mk**):

Македонска банка за поддршка на развојот е развојна и извозна банка чија стратешка цел е да го поддржува и поттикнува развојот на македонското стопанство преку кредитирање на претприемачки мали и средни претпријатија и извозни компании. Македонска банка за поддршка на развојот ги нуди следните финансиски производи за жените претприемачи од Општина Струмица:

✓ КРЕДИТИРАЊЕ:

- Кредит за поддршка на извозот - обртни средства за подготовка на производство наменето за извоз и обртни средства за премостување на периодот од направениот извоз до наплатата на средствата од странскиот купувач;

- Кредит за мали и средни претпријатија - трајни обртни средства и инвестиции од различни извори: ИКЛ-револвинг, МБПР, ЕИБ, ЕИБ-револвинг;

- Кредит за поддршка на земјоделството и агроиндустријата - примарно производство, преработка и извоз - преку комерцијалните банки или директно преку МБПР;

- Кредит за микро компании - микро и мали трговски друштва, индивидуални претприемачи, занаетчиски дуќани, приватни трговци, тезги на пазар и други микро и мали стопански субјекти;

- Кредит за енергетика - енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија;

- Кредит за намалување на невработеноста - создавање и одржување на работни места и самовработување со кредитирање;

- Кредит со гарантна шема - микро, мали и средни трговски друштва кои немаат доволно обезбедување при аплицирање кај деловните банки;

- Кредит за сместувачки капацитети - инвестиции за микро, мали и средни претпријатија со седиште во Република Северна Македонија за купување, изградба и адаптација на мали сместувачки капацитети до 70 легла со стандард не поголем од три ѕвезди;

-Кредит за старечки домови и градинки - микро, мали и средни претпријатија со седиште во Република Северна Македонија за изградба и опремување на установи за стари лица и детски градинки;

-Кредит за општините во Република Северна Македонија - за реализација на проекти од ИПА компонента за прекугранична соработка;

✓ КРЕДИТНО ОСИГУРУВАЊЕ на:

- Домашни побарувања (пред и по испорака);

- Извозни побарувања (пред и по испорака);

- Од комерцијални и политички ризици.

✓ ФАКТОРИНГ.

**2. Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) (http://www.ebrd.com/fyr-macedonia.html):**

Пристапот на ЕБОР во решавање на сложените транзициски предизвици се заснова на стратегии, политики и процедури. Разликата помеѓу земјите од регионот во кои работи банката е голема, па таа ги приспособува своите производи и се насочува секторски за да ги задоволи конкретните пазарни потреби на секоја земја. Се развиваат и следат стратегии за земјите, поединечно за сите 27 земји во коишто работи. Исто така, Банката има и секторски политики, во кои формално се утврдува стратегијата за следниве сектори: земјоделство; енергетика; општинска инфраструктура и животна средина; природни ресурси; сопственост; шпедиција; транспорт; телекомуникации, информатика и јавни гласила. 31

Финансирањето проекти е основната дејност на ЕБОР. Банката обезбедува финансирање со заеми и акционерски капитал, гаранции, лизинг, поддршка на трговија и го финансира професионалниот развој преку програми за поддршка. Конкретните решенијата се креираат според потребите на клиентот и на проектот, како и според специфичната состојба во земјата, регионот и секторот. Досега, ЕБОР има доделено повеќе од 22,7 милијарди евра за проекти во приватниот и во државниот сектор.

Големите проекти на Банката се движат од 5 милиони евра до 250 милиони евра (повеќе од 20 милијарди евра се обезбедени за над 800 големи проекти). Овие проекти треба да ги исполнуваат основните услови: да бидат профитабилни и да се од значење за локалната економија, да ги задоволуваат стандардите за заштита на животната средина, да бидат дополнително финансирани од спонзори и од други ко- финансиери.

Малите проекти речиси секогаш се финансирани преку финансиски посредници, како што се комерцијалните банки, банките за микробизниси, капиталните фондови и институциите што работат со лизинг, на тој начин обезбедувајќи им на претприемачите и на малите фирми поголем пристап до финансиски средства.

Програмата за олеснување на трговијата обезбедува кредитни олеснувања во форма на гаранции од ЕБОР, издадени во корист на меѓународни комерцијални банки. Банката, исто така, обезбедува директно финансирање на банките во регионот со цел понатамошно позајмување на локалните компании за трговски активности. ЕБОР е активна со следните програми за поддршка на развојот на деловните активности на МСП:

- Програма за управување со организациски промени – ТАМ (се разменува менаџерски „know-how“ и се развиваат деловни способности);

- Програма за деловни советодавни услуги - БАС (се развива професионалниот капацитет на локалните консултанти кои ќе им обезбедуваат на МСП стручни совети за деловното извршување);

- Заеднички виенски институт (спроведува семинари за менаџери во претпријатија, претприемачи и владини службеници).

**3. Меѓународни донаторски организации како:**

**а) УСАИД - Агенција за меѓународен развој на САД во Република Северна Македонија**(**www.usaid.gov**) со големиот број програми и мерки, од кои најголемо значење за претприемачките компании од Општина Струмица имаат:

✓ **Програмата за економски раст,** која се фокусира на подобрување на бизнис опкружувањето и зголемување на компетитивноста на претприемачките компании во секторите со потенцијал за раст и креирање работни места. Оваа програма вклучува неколку проектни области и тоа:

**Микро претпријатија и приватен сектор;**

**Земјоделски пазари и трговија;**

**Развојни кредити и пристапи до финансии и**

**Економски политики.**

**б) Швајцарска агенција за равојн и соработка (SDC) и Државен секретаријат за економски работи (SECO)**(**www.eda.admin.ch**) со програмите:

✓ **Добро владеење, полови и трансферзални теми**

✓ **Регионалната соработка.**

**в) Програмата за развој на Обединети нации во Република Северна Македонија - UNDP**(**www.mk.undp.org**): со чии програми и мерки за економски развој на Република Северна Македонија и поддршка на малите и средните претпријатија се обезбедува:

- **Промоција на оддржливи вработувања;**
- **Зајакнување на ефективноста на поддршката;**
- **Локален развој;**
- **Добро владеење - испорачување подобри услуги на сите;**
- **Социјална инклузија - зајакнување на најранливите категории во општеството;**
- **Енергија и животна средина - осигурување одржлив развој.**

**г) Програмата за регионален економски развој во Република Северна Македонија - GIZ RED**(**www.giz.de/en**)со тековните билатерални кооперативни активности во Република Северна Македонија фокусирани на: **Оддржлив економски раст** и **Демократизација и граѓанско општество.** ГИЗ РЕД Програмата во Република Северна Македонија ја опфати **Програма за регионален и локален економски развој** (2010 - 2015), програма преку која на регионалните стуктури им се овозможи да планираат, имплементираат и менаџираат комплексни регионални мерки, како и мерки со среднорочно и долгорочно ЕУ финансирање на транспарентен и ефикасен начин.

**4. ЕУ Фондовите** кои им се на располагање на жените претприемачи од Општина Струмица овозможуваат континуирана поддршка на развојот на македонската економија и на самите компании. ЕУ фондовите вклучуваат: Програми на заедниците, Регионални програми за Југоисточна Европа и Национални програми-ИПА Фондови. ЕУ фондовите во кои претприемачките компании од Струмица можат да аплицираат за добивање финансиски и нефинансиски услуги ги вклучуваат следните програми:

✓ **ХОРИЗОН 2020**(**www.ec.europa.eu/programmes/horizon2020/**):

Програма за истражувања и иновации чија основна цел е да се поттикне соработката помеѓу компаниите и истражувачките институции со цел создавање конкурентни производи и конкурентни, иновативни и претприемачки МСП. Програмата Хоризон 2020 се однесува за периодот 2014-2020, има буџет од 79,4 милјарди евра и цели кон истражувања и иновации во индутријата и општеството;

✓ **КОСМЕ**– Конкуретност на МСП

(**www.ec.europa.eu/enterprise/initiatives/cosme/**):

КОСМЕ е Програма за конкурентност и иновативност на ЕУ (2014-2020) и претставува компатибилна програма за компаниите (со финансиските инструменти и МСП инструментот). Главни цели на КОСМЕ програмата се:

🕐 Пристап до финасии за мали и средни компании;

🕐 Нови услуги за мали и средни компании;

🕐 Претприемачка култура;

🕐 Одржлива конкуретност на ЕУ бизнисот;

🕐 Интернационализација на мали и средни компании и подобрување на пристапот на ЕУ пазари;

✓ **ПРОГРЕС+**(**www.ec.europa.eu/**)е програма за вработување и создавање квалификуван кадар, програма која им овозможува на претприемачките компании од областа на социјалното претприемништво можност за градење на капацитетите на вработените;

✓ **Лајф+** (**www.ec.europa.eu/environment/life/funding/lifeplus**):Програма за заштита на животната средина на која главен таргети се компании кои превземаат мерки за заштита на животната средина.

**5. Национални програми за поддршка на мали и средни компании:**

Во Република Северна Македонија постојат и неколку програми кои нудат директна поддршка на претприемачките бизниси од Југоисточен плански регион. Овие програми се финансирани од страна на Буџетот на Република Северна Македонија и вклучуваат:

✓ **Програма за рурален развој** на АПРЗ која предвидува средства за изградба на хотелски објекти во рурални средини (50% грант, средства до 400.000 евра);

✓ **Програма за конкуретност, иновации и претприемништво која** нуди средства за воведување на ХАСАП систем до 5.000 евра;

✓ **Програмазапромоција и поддршка на туризмот која** нуди средства за:подготвување, печатење и дистрибуција на печатен промотивен материјал; учество на туристички саеми; билборд кампањи и реклами во печатени медиуми; користење на социјални мрежи и промоција на веб.

**6. Комерцијални банки**кои имаат филијали во југоисточен плански регон:

➢ НЛБ банка А.Д. Скопје (**www.nlb.com.mk**)

➢ Охридска банка А.Д. Скопје (**www.ohridskabanka.mk**)

- Комерцијална банка А.Д. Скопје (**www.kb.com.mk**)
- Стопанска банка А.Д. Скопје (**www.stb.com.mk**)
- ПроКредит банка А.Д. Скопје (**www.procreditbank.com.mk**)
- Халк банка А.Д. Скопје (**www.halkbank.mk**)
- Уни банка А.Д. Скопје (**www.unibank.com.mk**)
- Шпаркасе банка А.Д. Скопје (**www.sparkasse.mk**)
- Централна кооперативна банка А.Д. Скопје (**www.ccbank.mk**)
- Еуростандард банка А.Д. Скопје (**www.eurostandard.com.mk**)
- Капитал банка А.Д. Скопје (**www.capitalbank.com.mk**)
- Силк Роуд банкаА.Д. Скопје (**www.silkroadbank.com.mk**)
- Стопанска банка А.Д Битола (**www.stbbt.mk**)
- ТТК банка А.Д. Скопје (**www.ttk.com.mk**)

**Фонд за иновации и технолошки развој(ФИТР)**(**www.fitr.mk**):

Фондот за иновации и технолошки развој ги поттикнува иновациите преку обезбедување дополнителни извори за финансирање на иновациите со помош на следните инструменти:

✓ **Кофинансирани грантови за старт-ап, спин-оф трговски друштва и иновации**, инструментот наменет за финансирање на новоосновани, микро, мали и средни компании и претприемачките компании од областа на социјалното претприемништво (не постари од 6 години) –„старт-ап“ и „спин-оф“ претпријатија, во доминантна сопственост на македонски државјани (50,1% или повеќе), кои имаат иновативна идеја во фаза на „потврден концепт“ со солидно очекување за комерцијализација.

✓ **Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации кофинансирани грантови за трансфер на технологии,** со цел поттикнување на зголемување на истражувањето и развојот во приватниот сектор, охрабрување на соработката помеѓу приватниот сектор и високообразовните инаучни установи, како и останати форми на соработка за комерцијализација на иновации.

✓ **Кофинансирани грантови за мали и средни претпријатија со тенденција на брз пораст („Газели“)**. Целта на овој Инструмент е да се обезбеди финансиска поддршка за технолошки развој на мали и средни претпријатија со тенденција на брз пораст во насока да станат „Газели“. Преку овој Инструмент се обезбедува финансирање до 30% (триесет проценти) од вкупниот буџет на инвестициски проект, но не повеќе од 10.000.000,00 денари (десет милиони денари) по апликант. Преостанатиот износ од најмалку 70% (седумдесет проценти) од вкупниот буџет за проектот треба да бидат обезбедени од апликантот.

✓ **Кофинансирани грантови за микро претпријатија:**

Целта на овој Инструмент е да се обезбеди финансиска поддршка за технолошки развој на микро претпријатија. Преку овој Инструмент се обезбедува финансирање до 30% (триесет проценти) од вкупниот буџет на инвестициски проект, но не повеќе од 5.000.000,00 денари (пет милиони денари) по апликант. Преостанатиот износ од најмалку 70% (седумдесет проценти) од вкупниот буџет за проектот треба да бидат обезбедени од апликантот.

✓ **Кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста.** Целта на овој Инструмент е да се обезбеди финансиска поддршка за развој и примена на иновативни решенија на претпријатија. Преку овој Инструмент се обезбедува финансирање до 70% (седумдесет проценти) од вкупниот буџет на инвестициски проект, но не повеќе од 20.000.000,00 денари (дваесет милиони денари) по апликант. Преостанатиот износ од најмалку 30% (триесет проценти) од вкупниот буџет за проектот треба да бидат обезбедени од апликантот.

**10. Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ)**(**www.agencija.gov.mk**)преку системот на давање советодавни услуги на земјоделските стопанства има за цел да овозможи трансфер на знаења и информации, како и нивна имплементација кај земјоделските стопанства во насока на подобрување на квалитетот и квантитетот на земјоделското производство со економска оправданост, конкурентност на македонските пазари во ЕУ и пошироко, одржлив развој на земјоделството во руралните подрачја, како и поддршка во развојот и реализацијата на аграрната политика со одржување на база на податоци од земјоделски стопанства преку теренски посети. АПРЗ е директно одговорна за ИПАРД фондовите, кои задолжително се трошат по утврдените мерки во ИПАРД Програмата за:

✓ Мерка 101 - Инвестиции во земјоделските стопанства за нивно преструктуирање и надградба до стандардите на Европската унија;

✓ Мерка 103 - Инвестиции во преработката и пласман на земјоделските и земјоделско-прехранбените производи за нивно преструктуирање и надградба до стандардите на Европската унија и

✓ Мерка 302 - Инвестиции за диверзификација и развој на руралните економски активности.

**11. Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР)**(**www.ipardpa.gov.mk**):

АФПЗРР овозможува ефикасно управување со финансиските средства како од Буџетот на Република Северна Македонија, така и со средствата од претпристапната помош на ЕУ наменети за руралниот развој.

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ги вклучува следните сектори кои се директно поврзани со претпристапната помош на Европската унија за рурален развој:

🕐 Сектор за внатрешна ревизија;

 Секторот за одобрување на плаќања;

 Сектор за контрола;

 Сектор за финансиски прашања и

 Сектор за општи и правни работи.

Надлежностите на АФПЗРР вклучуваат:

✓ Извршување на мерките за директните плаќања во земјоделството;

✓ Интервенции на пазарот на земјоделски производи;

✓ Имплементација на производните квоти;

✓ Извршување на мерките за рурален развој;

✓ Реализација на средствата од претпристапната помош на Европската унија за рурален развој;

✓ Спроведување на мерките на државна помош во земјоделството

## 8. Мониторинг и евалуација

### 8.1 Мониторинг

Целта на мониторингот е да се следи процесот на спроведување на стратегијата со цел да се соберат информации и да се подготви анализа, како и да се интерпретираат податоците кои го опишуваат напредокот и развојот на регионот во однос на Регионалната стратегија за женско претриемништво како и ефектите на стратегијата.

Следењето на процесот или мониторингот главно е фокусиран на нивото на резултати и напредок, а оценувањето главно се однесува на остварување на целите, приоритетите на Регионалната стратегија за женско претриемништво на среден и долг рок. Најголема важност од аспект на реализација на стратегијата се однесува на индикаторите, како одраз на остварување на визијата и утврдување на ефектите од преземените активности во регионот, исто така, по периодот на спроведување на стратегијата и резултатот од индикаторите во однос на реализација на приоритетите и индикатори. Целта на системот за следење на спроведувањето на Регионалната стратегија за женско претриемништво е да се испита квалитативниот и квантитативниот напредок на реализација на активностите во врска со остварувањето на регионалната стратегија за женско претриемништво.

Мониторингот и евалуацијата се инструменти за подобрување на јавното учество во процесот на спроведување на стратегијата; целта не е да се казни тимот или одговорните лица за лошо спроведување на стратегијата. Мониторингот има особено силна функција на собирање на информации, односно проучување на она што се случува во имплементацијата и нејзиното споредување.Кога се појавуваат разлики помеѓу планот и реалното спроведување, може да бидат потребни мерки кои ќе дадат насоки за да имплементаторите се справат со овие разлики.

Податоците од мониторингот ја прикажуваат реалната состојбата во даден момент (например, статус на проектот или неговата имплементација). Следењето на процесот е непроценлива алатка за проверка на «пулсот» на имплементацијата и развојот на самата стратегија. Податоците за мониторинг претставуваат основа за хипотези за тоа зошто имплементацијата на стратегијата (не) се одвива според планот, а потоа оценувањето анализира зошто ова се случува и што може да се направи за да се смени (не) успешноста во спроведувањето на стратегијата.

Мониторингот има за цел како и евалуацијата да помогне за подобрување на континуирано креирање политики за развој на регионот и самата стратегија.

Денес нов сет на индикатори може да се користи со цел да се прати развојот на регионалните претриемачки активности и перформанси.

Следењето на спроведувањето на Регионалните стратегии за женско претриемништво ќе биде направено од страна на Националната платорма за женско претриемништво и дискутирано и документирано во највисокото тело на Платформата со цел директно да ги информира претставниците на општините во однос на тоа како да се подобри спроведувањето на Регионалната стратегија за женско претриемништво, како и да се надгради нејзината содржина. За таа цел општините, ќе ги обезбедат сите информации анализи и податоци во однос на спроведувањето на Регионалната стратегија за женско претриемништво како и ефектите од нејзиното спроведување. Врз основа на спроведениот мониторинг, по две години се предлага нејзина ревизија во однос на препораките од анализата и податоците за напредокот во спроведувањето на Регионална стратегија за женско претриемништво .

### 8.2 Евалуација

Како динамичен документ, оваа стратегија ќе подлежи на оценувања и проверки. Мерењето на успешноста и анализата на предизвиците и добрите практики ќе помогне при обезбедување информации за проверките и ќе придонесе за систематско и постојано подобрување во рамките на процесот на имплементацијата.

4. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АДВОКАСИ АЛАТКИ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ И ЗА ПРОМОВИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА ПЛАТФОРМА ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

4.1 ADVOCACY ДЕФИНИРАЊЕ

Застапувањето е збир на организирани активности дизајнирани да влијаат врз политиките и активностите на другите за да се постигнат промени.

• Застапувањето може да се користи за демократизирање и промена на процесите на донесување одлуки за подобро да им служи на маргинализираните поединци или групи, за зајакнување на луѓето (особено оние кои првично беа исклучени од политиките и поддршката) и да се осигура дека промените се градат околу акција.

• Феминистичкото застапување, особено, ги оспорува нееднаквите односи на родова моќ и ја доведува во прашање распределбата и контролата на ресурсите, моќта за одлучување и моќта на поставување агенда и одредување приоритети

.• Застапувањето игра клучна улога во прераспределбата на приоритетите и ресурсите и зајакнувањето на информираното донесување одлуки за подобро да се одговори на потребите на жените претприемачи.

Со почетокот на проектните активности од страна на локалната координаторка Марија Камчева беше креиран Акциониот план со алатките за застапување за да се олеснат конкретни активности што секој може да ги преземе за поддршка на женското претприемништво.

Акцискиот план вклучува:

1. Определување на група заинтересирани страни.

2. Преглед на препораките.

3. Разгледување на можностите и предизвиците за спроведување на промените.

4. Започнување на разговори во заедницата организирање на посета на засегнатите страни, инфо состаноци и потпишување на декларации за вклучување во NPWE

5. Идентификување на други организации со истомисленици кои можат да се усогласат и колективно да изградат поддршка за целните препораки.

6. Обезбедете обука за засегнатите страни за тоа како да ги унапредат промените во политиките.

7. Организација на кампањи за односи со јавноста и социјалните медиуми за поддршка на настаните кои ги засилуваат пораките на другите застапници и ги означуваат WE и ги зајакнуваат жените на социјалните медиуми и ги поддржуваат напорите за застапување

8 Лобирање кај засегнатите страни

5.1 Локалната координаторка овозможи потпишување на Декларација за женско претприемништво од страна на жени претприемачи кои имаат визија и желба за вмрежување и вклучување во зајакнување на претприемништвото во регионот.









5.2 ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ, ВЕШТИНИ И ЗНАЕЊЕ ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ: како да се зголемат можностите за жените да развијат претприемачки вештини и компетенции

Локалните самоуправи играат улога во осигурувањето дека образованието на младите вклучува информации за претприемништвото, вклучувајќи ги и деловните стратегии и дигиталната и финансиската писменост. Со едукација на младите, локалните самоуправи можат да се погрижат родовата поделба во рамките на претприемништвото рано да се елиминира.

Локалниот координатор на НПЖП за Вардарски плански регион Марија Камчева учествуваше на работен состанок со Комисијата за еднакви можности на општина Кавадарци каде имаше можност да ги запознае со активностите на Националната Платформа за женско претприемништво и потребата да се стави во функција Советот на женско претприемништво





5.3 ПРИСТАП ДО МРЕЖИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА БИЗНИСИ ВОДЕНИ ОД ЖЕНИ преку Националната платформа за женско претприемништво

Работа со граѓанското општество и приватниот сектор за зајакнување на организациите и поддршка на виртуелните простори за жените да ги развијат своите мрежи за унапредување и зголемување на економските можности. Преку механизмите за грантови и јавно-приватните партнерства, локалните власти можат да го финансираат создавањето на мрежи за женско претприемништво и во физички и во виртуелни простори. Овие мрежи ќе им овозможат на жените да споделуваат ресурси, да се

обединат за да влијаат на промената на политиките и да интегрираат повеќе жени добавувачи во нивните сопствени синџири на снабдување. Жените претприемачи треба да се охрабрат да се приклучат на женските деловни здруженија за да учествуваат во програмите за менторство и обука. Во овие организации/платформи може да се вклучи и да им се даде пристап до пробоно професионални услуги. Лидерите на индустријата можат да се поврзат со женските деловни здруженија за да споделат и да стекнат знаење. Локалната координаторка имаше работни средби со граѓански здруженија кои функционираат во полето на родовата еднаквост со цел да ги мобилизираат жените од локалните заедници и да иницираат да отвораат сопствени бизниси







5.4. Одржување на обуки наменети за жени претприемачи

Во рамки на локалните акции на Националната платформа за женско претприемништво се одржа обука ,,Решавање проблеми и креирање на бизнис идеи и иновации во општина Кавадарци, а присуствуваа жени претприемачи од цел регион.




ЖИВОТЕН
ЦИКЛУС НА
ПРОИЗВОД





Обука за маркетинг и комуникации во општина Кавадарци со жени претприемачи. Обуката беше дел од серијалот работилници во рамки на проектот на Националната платформа за женско претприемништво и други женски организации.







## 6. ПРЕПОРАКИ

ПРИСТАП ДО ПАЗАРИТЕ И ВКЛУЧУВАЊЕ НА ДОБАВУВАЧИТЕ: Локалните самоуправи можат да ја поддржат различноста на добавувачите, вклучително и преку мали бизниси и програми за јавни набавки, за поддршка на жените. Градењето еластични и инклузивни синџири на вредности е составен дел за унапредувањето на малите бизниси предводени од жените.

• Да ја користат нивната куповна моќ за да ги унапредат родово одговорните политики за набавки и да ја поттикнат употребата на клаузули за родова еднаквост во јавните договори, вклучувајќи ги критериумите за евалуација на понудите и договорите за финансирање.

• Користетење на Локалните самоуправи за Женско претприемништво  како рамка за оценување и купување од компании посветени на родовата еднаквост и зајакнување на жените.

• Развој и имплементирајње цели или квоти за извори од мали бизниси предводени од жени во јавните набавки и обезбедување програми за обука за жените да научат како да одговараат на потенцијалните договори и поднесуваат ефективни предлози.

• Подигнување на свеста за родово одговорни набавки и настани за поддршка, како што се настани „запознајте го купувачот“, можности од бизнис до бизнис (B2B) и настани за јавни набавки со МСП предводени од жени, и на локално и на меѓународно ниво.

• Создадавање родово одговорни пристапи приспособени за микро, мали и средни претпријатија (ММСП) предводени од жени и обезбедување услови за насочување на ММСП преку синџирите на снабдување.

Јавниот сектор, исто така, може да бара или да ги охрабри примарните добавувачи да набавуваат од бизниси предводени од жени како подизведувачи и да ги охрабри да обезбедат менторство и друга поддршка за развојните веш

This publication was produced with the financial support of the European Union. Its contents are the sole responsibility of its authors and do not necessarily reflect the views of the European Union.